Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

ВИНИЦА

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 11 - 245/4
30 11 2023 год
ВИНИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20), Градоначалникот на Општина Виница донесе:

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт- Детален урбанистички план Блок 18 дел 1, 2 и 5, КО Виница, Општина Виница.**

**Член 1**

Со оваа одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт- Детален урбанистички план Блок 18 дел 1,2 и 5, Општина Виница.

**Член 2**

Соопштение за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација ќе биде објавено на web-страницата на општината и преку информацискиот систем е-урбанизам.

**Член 3**

Времето на излагање на планот ќе трае 35 ден со почеток од 15.12.2023 год. до 18.01.2024 год.Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица своите забелешки, предлози и мислења можат да ги донесат на посебни анкетни листови (можат да добијат во Општински центар за услуги при општина Виница) и во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам.За повеќе информации сите лица можат да се обратат во Одделението за урбанизам во просториите на Општина Виница.

Јавна презентација на Предлог планот ќе се одржи на ден **21.12.2023** год со почеток во 12:30 часот во Салата за состаноци на четврти кат во зградата на Општина Виница.

**Член 4**

Нацрт –планот ќе биде изложен на излогот на Интернет клуб на Општина Виница, ул.Маршал Тито бр.13 , Огласната табла пред Општина Виница – Бел Камен бр.13 Виница и на видно место во опфатот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ВИНИЦА

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Миле Петков
-----------------------